## Ако имате предлог за разубавување на некоја од јавните површини во општина Струмица Ве молиме пополнете го образецот подолу

Име и презиме:

______________________________

Контакт: (тел; e-mail)

______________________________

Локација:

______________________________

Опис на локацијата:

______________________________

______________________________

______________________________

Ваш предлог како да се разубави предложената локација:

______________________________

______________________________

______________________________



**Герила Градинари**

Доколку го пополнивте овој дел од флаерот Ве молиме скинете го и доставете го до ЕД Планетум.

## Цели на проектот

-промовирање на иновативни активности за подигање на еко свест (еко активизам) со цел за прерраснување во секојдневна практика
-развивање на вештините на учесниците за реупотреба и практична примена на отпад (пластика, хартија итн.)
-зголемување на акциите за урбано уредување и декорација на површините во Струмица
-активно вклучување на граѓаните за зачувување на животната средина

Со герила градинарството како форма на директна акција сакаме да испровоцираме промена, промена за урбано уредување која ќе ја потенцира важноста на растенијата и на природата воопшто, спроведувајќи една иновативна акција за подигање и разбудување на свеста кај граѓаните, но и нивно вклучување во заштита на животната средина и воспоставување на рамнотежа помеѓу природата и човекот.

**БИДИ И ТИ ДЕЛ ОД ГЕРИЛА ТИМОТ**

**ПРИКЛУЧИ СЕ**

Повеќе информации за проектот:
ЕД Планетум ул. 22 Декември бб 4 у.з
тел: 034 331 416
Лице за контакт: Ленче Јанакиева Цицимова
моб тел: 078 213 206

Овој флаер е дел од проектот “Go Green, Be a part of Guerilla gardening team!” кој е ко-финасиран од Европската Унија. За содржините во овој флаер одговорна е единствено организацијата ЕД Планетум и во никакви околности не ги одразува ставовите на Европската Унија.

“Европската Унија е составена од 28 земји-членки кои одлучија постепено да ги поврзат заедно нивните знаења, ресурси и судбини. Заедно, за време на периодот на 50 годишното проширување, тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, како и одржување на културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи.
Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и вредности со земјите и народите надвор од нејзините граници”

env.net

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО Планетум

ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Планетум



# ПРОЕКТ: Биди зелен, биди дел од Герила градинарски тим

# PROJECT: Go Green, Be a part of Guerilla Gardening team!




СТРУМИЦА 2014

## ШТО Е ГЕРИЛА ГРАДИНАРСТВО?

Герила градинарите се обични луѓе, кои сметаат дека секое слободно парче земја може и треба да се искористи за да се засади нешто зелено кое ќе биде прочистувач на воздухот, или пак нешто функционално што ќе може да се јаде. Тие засадуваат зеленило дури и во пукнатините на асфалтот.

Пораката на герила градинарите е јасна: „На светот му е потребно повеќе зеленило - помалку - сивило“!





Герила градинарството е едноставно и возможно за секого! Потребни се само: желба, добра волја, креативност и се разбира неколку растенија. Ако сево ова го имаш следи ги кратките инструкции и започни:

- Најди некое запуштено место, по можност во твоето маало;

- Одлучи што сакаш да засадиш и биди внимателен избраното место да одговара на изборот на растенијата! За почеток брзорастечки и цврсти растенија се добар избор;

- Израмни ја површината на која посадуваш. Имај на ум дека може ќе ти треба повеќе земја за садење и не заборавај добро да наводениш по садењето!

- Понекогаш има потреба да ја заштитиш градината од вообичени незгоди (на пр. невнимателни минувачи.), во ваков случај - постави импровизирана ограда!

- Посетувај ја градината редовно и грижи се за неа со љубов!

- Во група секогаш е позабавно - здружи се! Разговарај со пријатели/ки и соседи/ки!

- Доколку нешто не оди како што сакаш ти, не се обесхрабрувај! Разговарај со луѓето кои живеат во близина! На повеќето од нив може ќе им се допадне твојата идеа и ќе сакаат да ја поддржат! Некои ќе сакаат да ти се придружат или да започнат своја!





Зеленилото ни е важно за нас и нашето секојдневие. Зеленилото е важно за опстанокот на нашата планета Земја. Да не дозволиме да го снема од урбаните средини! Станете герила градинар уште денес......

## ПРАШАЛНИК

1. Дали пред овој настан знаевте што е тоа Герила градинарство?

   а. ДА  б. НЕ

2. Дали Ви се допадна настанот, и активностите кои беа спроведени со овој проект?

   а. ДА  б. НЕ

3. Дали би промениле нешто во реализацијата на овој тип на активности?

   а. ДА  б. НЕ

Ако Да што:

____________________________________

____________________________________

____________________________________

4. Дали во иднина би се вклучиле во идни слични активности?

   а. ДА  б. НЕ

Дополнителни коментари во врска со реализацијата на овој тип активности:

____________________________________

____________________________________

____________________________________